

## ПРЕСПА ВО ДЕЛАТА НА СЛАВЕ КАТИН

Преспа има историско името. Таа е историско-географска област, котлина во чиј центар се сместени двете преспански езера — Големото и Малото. За Преспа може многу да се каже. Таа во себе крие голем потенцијал, неискористени капацитети и природни убавини кога станува збор за туризмот. Затоа со право е запишано дека етничка Преспа е мал македонски рај.

Преспа како дел од Македонија е карактеристичен регион во кој Македонската православна црква одиграла значајна улога. Христијанското население од Преспа ги искажувало духовните и интелектуалните потенцијали низ дејноста на Охридската архиепископија. Негувањето на црковната литература, архитектура и сите видови на ликовната и применетата уметност, сврзани за иконографијата и литургијата во науката

се високо оценети.

Со тоа се потврдува дека во Преспа се создале дела од највисок уметнички дострел во своето време кои ја збогатуваат не само македонската, туку и светската ризница на уметноста и културата. Неговото христијанско население го негувало и го негува култот на Пресвета Богородица, на Исус Христос...

Тоа се потврдува со фактот што во голем број преспански села се изградени цркви посветени на Дева Марија. Меѓу нив, црквите во селата Сливница, Брајчино, Јанковец, Евла, Љубојно, Арвати, Крани, Нивици, Курбиново, Долно Дупени, Бела Црква и други населени места

Митовите за Преспа кажуваат дека Царот Самуил имал ќерка Преспана, која по смртта на својот татко живеела во крајбрежното село Царев Двор. Била надалеку позната по својата мудрост, убавина и храброст. Кога разбрал еден византиски дворјанин, а според некои преданија тоа бил цар Василиј, решил да ја побара нејзината рака. Кога дошол по неа, со цела свита, Преспана не скајќи да му стане сопруга на противникот на нејзиниот татко се фрлила во езерото. Од тогаш до ден денешен тоа езеро се вика по неа – Преспа.

Преспа претставува едно од значајните домашни туристички места во кои вратите секогаш се отворени за сите туристи и посетители. Позната по своите туристички населби и кампови Претор, Отешево, Сливница и Крани Преспа изобилува со одличен потенцијал за туризам. Плажите во минатото беа едни од најпосетените плажи со странски и домашни туристи, а во последните години заживуваат и го враќаат својот сјај.

Детските одморалишта во Преспа се едни од најпознатите летувалишта во државата.



[illegible]



**Пишува: СЛАВЕ КАТИН**